РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола
Технолошко-технички факултет - Велес
Бр. 04-219/3
17.05. 2019 год.
Велес

Врз основа на Одлуката бр.02-219/2 од 30.04.2019 година, Деканот на Технолошко-технички факултет Велес распишува

# ОГЛАС
## за пријавување на кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Технолошко-технички факултет Велес

Се распишува Оглас за избор на:

1) 6 (шест) кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-технички факултет Велес
2) претседател на Факултетското студентско собрание на Технолошко-технички факултет Велес

Право да се пријават за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Технолошко-технички факултет Велес, кои се запишани на студии во академската 2018/2019 година.

Право да се пријават за претседател на Факултетското студентско собрание имаат редовните студенти на Технолошко-технички факултет Велес, кои се запишани на студии во учебната 2018/2019 година.

Едно лице има право да конкурира само за една од наведените позиции.

Мандатот на избраните членови на факултетското студентско собрание и на претседателот на Факултетското студентско собрание трае 1 (една) година, со право на уште еден избор и започнува на почетокот на учебната 2019/2020 година.

Гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание се спроведува преку тајно и непосредно гласање од студентите на факултетот, кое ќе се одржи на ден 31.05.2019 година од 09:00 до 13:00 часот во просториите на Технолошко-технички факултет во Велес и на Дисперзираните студии во Битола и во Кичево.

Кандидатите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание поднесуваат:

-Пријава (образец кој се подига во архивата на Факултетот);
-Биографија;
-Потврда за запишани студии во учебната 2018/2019 година.

Огласот трае 7 (седум) дена од објавувањето и се објавува на огласната табла и веб страната на Факултетот.

Пријавите со потребни документи по огласот се поднесуваат до Технолошко-технички факултет Велес, по пошта на адреса ул."Димитар Влахов" бб Велес, или лично во архивата на факултетот до Изборната комисија за спроведување на изборите, најдоцна до 24.05.2019 година.

Декан
Вонр.проф.д-р Татјана Калевска